

**СЕДУМ ДОБРИ ПРИЧИНИ ЗОШТО**

# ЈА ГРАДИМЕ ЕВРОПА ЗА И СО ДЕЦАТА



# 1. Децата не се мали човечки суштества со мали човекови права

Децата имаат права. Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето ги признава децата како носители на повеќе основни права. Во Европа основните права на децата се дополнително заштитени со Европската конвенција за човекови права и Европската социјална повелба. Неколку примери за ова се: правото на живот, правото да не се биде подложен на нечовечо или понижувачко однесување или казна, заштита од приморување на работа или ропство, почитување на приватниот и семејниот живот, правото на заштита од опасност и правото на образование.

*Програмата „Ја градиме Европа за и со децата“ претставува тригодишна програма на Советот на Евопа која се обидува да осигура почитување на правата на децата во сите земји во Европа.*



## 2. Децата се ранливи. Потребна им е поголема а не помала заштита

Децата се жртви на многу форми на насилство. Децата се користат како робови, како војници, како работници. Децата се запоставуваат, злоставуваат, осакатуваат, убиваат. Ова се случува на улица, на училиште, во болниците, на интернет, во центрите за притвор, во медиумите, дома и на други места каде што децата би требало да се сигурни. Децата се ранливи и зависат од возрасните за повеќето работи. Тие не можат да се одбранат и нивните гласови се последните што се слушаат. Посебни мерки мора да се превземат за да се делова на ранливост на децата.

*„Јаградиме Европа за и со децата“ има за цел да ги искорени сите форми на насилство врз децата. Таа се заснова врз четири работи: заштита на децата, спречување на насилство, гонење на криминалци и учество на децата. Програмата посветува посебно внимание врз особено ранливите деца: деца со посебни потреби, деца што живеат во сиромаштија и деца кои растат без родителска грижа.*



## 3. Никакво насилство врз деца не е оправдано

Во многу европски земји општеството толерира дури и одобрува некои форми на насилство врз децата кои се чести, посебно оние кои се вршат во семејни услови. Меѓутоа никаква традиција, религија, верување, економска ситуација или „воспитен“ метод никогаш не можат да оправаат удирање, плескање, ќотек, осакатување, злоставување, понижување или други форми на повреда на достоинството на децата. Европа мора да стане континент каде примена на телесна казна (било дома, на училиште или некоја установа) повеќе не постои.

*Во многу европски земји општеството толерира дури и одобрува некои форми на насилство врз децата кои се чести, посебно оние кои се вршат во семејни услови. Меѓутоа никаква традиција, религија, верување, економска ситуација или „воспитен“ метод никогаш не можат да оправаат удирање, плескање, ќотек, осакатување, злоставување, понижување или други форми на повреда на достоинството на децата. Европа мора да стане континент каде примена на телесна казна (било дома, на училиште или некоја установа) повеќе не постои.*



## 4. Секое насилство против децата може да се спречи

Повеќето случаи на насилство врз децата остануваат невидливи. Ова е заради тоа што децата се плашат да кажат и кога ќе го сторат тоа возрасните не секогаш ги пријавуваат на соодветен начин. Недостатокот од податоци и истражувања им отежнуваат на владите да воспоставаат превентивни политики.

◆ *„Ја градиме Европа за и со децата“ има за цел да им помогне на земјите да воспоставаат стратегии за превенција на насилството врз децата. Програмата ќе работи на подобрување на системите кои го олеснуваат известувањето преку служби кои се лесно достапни за децата, кои ги поддржуваат семејствата и раната идентификација и професионалното документирање на случаите. Таа се обидува да ги оспособи властите и професионалците да реагираат брзо и на соодветен начин при пријава на насилство. Посебни напори се прават за искористување на сексуалното злоставување и експлоатацијата на децата.*

## 5. Заштитата на децата бара стратегиски пристап

Сложеноста и важноста на овие прашања и бројот на актери инволвирани бараат стратегиски пристап. Замјите мора да идентификуваат краткорочни и долгорочни цели, да ги разгледаат своите законодавства и институционални рамки и да отпочнат партиципаторен процес кој евентуално би ги вклучил сите заинтересирани страни и ќе ги мобилизира сите достапни ресурси.

*„Ја градиме Европа за и со децата“ има намера да им помогне на државите да консолидираат или развијат национални стратегии за заштита на правата на децата. Програмата исто така ќе им помогне на децата да креираат сеопфатни, кохерентни и достапни правни рамки. Ќе предлага модели за ефективни институционални рамки и ќе промовира отпочнување на партиципаторни процеси за креирање и имплементација на национални политики.*



## 6. Правата на децата нѐ засегаат сите нас

Правата на децата треба да се земат во предвид во рамките на сите одлуки на властите и институциите. Сите професионалци, особено оние што секојдневно контактираат со децата (како што се здравствените и социјалните работници, наставниците, адвокатите, судиите, новинарите, полицијата), поединци (имено пред сѐ родителите) и бизнис секторот имаат заедничка обврска што се однесува до добросостојбата на децата. Улогата што ја играа независните институции и невладините организации (НВО) треба целосно да се признае и поддржи.

Правата на децата прво и основно ги засегаат самите нив. Меѓутоа малку деца знаат кои се нивните права, а уште помалку како да ги остварат. Децата треба да имаат пристап до информации за своите права и треба да им се дозволи и да се охрабрат да земат учество во процесите на одлучуваат кои директно се однесуваат на нивните животи.

*„Ја градиме Европа за и со децата“ има за цел да ги мобилизира сите сектори на општеството, да бидат свесни за своите конкретни обврски и да ги зајакнат своите капацитети за спречување на насилството и да ги заштитат децата. Програмата ќе го подобри пристапот на децата до информации и ќе развие методи и алатки за постигнување на поголемо учество на децата на сите нивоа: локално, регионално и национално*

# A EUROPE FOR CHILDREN

# 7. Правата на децата придонесуваат за растот на Европа

Благодарение на меѓународната соработка состојбата на децата значително се подобри. Меѓународната соработка е суштинаска при решавањето на проблемите кои ги погаѓаат многу земји во Европа и во борбата против прекуграничниот криминал и заштитата на неговите жртви. Кибернетичките криминалци и трговците со луѓе честопати имаат корист од недостатокот на меѓународна соработка.

Советот на Европа е формиран во 1949 година со цел да се изгради Европа врз трите носечки столба: човековите права, демократијата и владеење на правото. Овој мандат имплицира дека сите земји-членки на Советот на Европа (денеска 46) треба да соработуваат и да се заложат за изградба на простор каде децата се чувствуваат сигурно, среќно и како дома.

*„Ја градиме Европа за и со децата“ најмногу корист има од меѓународната соработка. Таа комбинира важни алатки како што се стандардни услови, мониторинг, развој на политика, техничка помош и подигање на свеста, и сето тоа во полза на правата на децата. Советот на Европа работи во партнерство со други важни играчи во Европа како што се Европската унија и УНИЦЕФ и има намера да обезбеди соодветно проследување (follow-up) на Препораките на Студијата на Обединетите нации за насилството меѓу децата.*

# „Ја градиме Европа за и со децата“: работата е во тек

Од сите меѓувладини организации во Европа, Советот на Европа е во најдобра позиција да се осврне на прашањето на детските права на ефективен начин. Тој може:

1. да комбинира високо ефективни алатки: стандардна поставеност-мониторинг-развој на политика-програми за соработка и помош-посегање (образование, обука и комуникација);
2. лесно да ги мобилизира четирите актери (четирите столба): владите, парламентите, локалните власти и невладините организации.

Сите тела, институции и водечки административни ентитети на Советот на Европа имаат заедничка програмска визија и веќе придонесуваат за остварување на неговите цели. Оваа „тимска работа“ на ниво на организација е инспирирана од работната група (каде сите релевантни секретаријати на Советот на Европа се претставени) и единици за координација (поврзани со Секретаријатот на Генералниот директоратот за социјална кохезија).

Следат примери на тековните активности во Советот на Евррола.

## *I. Стандардна поставеност*

Најважното што го поседува Советот на Европа е најверојатно неговиот капацитет да воспостави стандарди. Ова е благодарение на особено динамичното учество на неговите тела и институции во оваа работа. Меѓу различните правни текстови кои се изготвуваат а се однесуваат на децата се следниве:

• конвенција и препорака за заштита на децата од сексуална експлоатација и злоставување;

• препорака за позитивно и ненасилно родителство;

• препорака за давање на моќ на децата во новата медиумска средина;

• стандарди за заштита на децата од штетни содржини во медиумите и од други информативни служби;

• препорака за учество на младите од малцинствата;

• препорака која ги содржи европските правила за малолетни деликвенти лишени од слобода или подложени на казни или мерки на извршување активности во заедницата;

• ревизија на Европската конвенција за усвојување;
Повелбата на Советот на Европа за граѓанско образование и образование за човековите права.

Парламентарното собрание на Советот на Европа исто така работи на усвојување на препораки, резолуции и мислења што се однесуваат на правата на децата. Следниве извештаи се во фаза на изготвување во неговите комитети и можат да доведат до усвојување на важни текстови:

• извештај за промовирање на вклученоста на децата во одлуките што се однесуваат на нив;

• извештај за имплементација на правни и други алатки корисни за борбата против насилството и други форми на експлоатација и злоставување на децата;

• извештај за помош за сирачињата и ранливите деца;

• извештај за здравствената и социјалната состојба на децата коишто живеат во област каде што има конфликт или во пост-воени зони во Европа;

• извештај за самоубиствата на деца и тинејџери во Европа: сериозно прашање за јавното здравство;

• извештај за спречување на првата форма на насилство врз децата: напуштање при раѓање.

## *II. Мониторинг*

Мониторингот на почитувањето на стандардите за човекови права од страна на земјите-членки е крајно важен. Статутарните тела на Советот на Европа (Парламентарното собрание и Комитетот на министри) имаат воспоставено различни системи за мониторинг (во земјата, тематски и такви засновани врз спогодба). Прецедентното право на Европскиот суд за човекови права и одлуките и заклучоците усвоени од Европскиот комитет за социјални права се извонредни примери во оваа област.

Комесарот за човекови права при Советот на Европа е независна институција која во голема мерка допринесува за проценка на состојбите преку посета на поединечни земји. Извештаите на комесарот и активностите сè повеќе ги нагласуваат прашањата поврзани со правата на децата.

Телата за мониторинг се охрабруваат да обрнат посебно внимание на насилството врз децата. Програмата „Ја градиме Европа за и со децата" ќе воспостави систематски преглед на одлуките, извештаи и препораки што се однесуваат на правата на децата.

## *III. Развивање на политика*

Советот на Европа има насобрано импресивна ескпертиза на полето на развивање на политика. Управните комитети составени од владини претставници и набљудувачи од невладини организации („четвртиот столб“ на организацијата) и други меѓувладини организации го превземаат поголемиот дел од работата.
Тие се архитектите на секторските политики на Советот на Европа. Управните комитети за правна соработка, човекови права, социјална кохезија, култура, образование и млади, сите ги имаат ставени прашањата за правата на децата на своите агенди вклучително и:

• пристап до образование за ромските деца;

• образование за демократско граѓанство;

• правата на децата со посебни потреби;

• правата на децата во институциите;

• интеграција на децата на мигрантите;

• учество на децата: развојни методи, мрежи и алатки, посветување посебно внимание на децата жртви на исклучување (деца мигранти, улични деца, децата во инситуции, децата со посебни потреби, итн.);

## *III. Развивање на политика*

• разгледување на националните политики за младите поврзано со политиките за деца;

• анализа на правни и институционални рамки на национално и локално ниво, идентификување на најдобри пракси и изработка на модели за национални стратегии за заштита на правата на децата;

• анализа на националните и локалните политики за превенција, идентификување на најдобрите пракси и изработка на модели за превенција на насилство на национално и локално ниво;

• изготвување на насоки за позитивно родителство;

• изготвување на сет алатки за оние што одлучуваат за граѓанско образование и образование за човекови права.

## *IV. Соработка и помош*

На барање Советот на Европа соработува со земји на индивидуална основа, помагајќи им околу правната реформа, политика и изгледот на институционалната рамка и обуката за професионалци.

## *V. Посегање – комуникација, образование и обука*

Стандардите и политиките треба да бидат проследени со комуникација, образование и стратегии за обука. Моменталните активности вклучуваат:

• изработка на веб страница за правата на децата;

• развивање на веб страница погодна за деца;

• издавање на прирачници за: користење на интернет, насилството во училиштата, демократско владеење во училиштата, да именуваат барем неколку;

• изготвување на прирачници за наставници по: образование за човекови права за и со децата (Compasito), насилство засновано на пол, и насилство во училиштата;

• издавање на Повелбата за учество на младите во локалниот и регионалниот живот прилагодена на јазикот на децата/младите;

• кампањи за комуникација на одредени теми, како што се сексуалното злоставување, телесната казна, насилството во училиштата и насилството во медиумите;

• организирање на настани и кампањи на национално ниво.

# Советот на Европа и правата на децата

Главните правни текстови[1]

## *I. Конвенции*

### *Клучните конвенции*

• Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (1950)
• Европската социјална повелба (1961)
• Ревидираната Европска социјална повелба (1996)
• Дополнителен протокол кон Европската социјална повелба што се однесува на системот на колективни жалби (1995)
• Европската конвенција за спречување на мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (1987)

Други конвенции
• Конвенција на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (2005)
• Конвенција за контакт што се однесува на децата (2003)
• Конвенција за кибернетички криминал (2001)

1. Видете на: www.coe.int/children каде редовно се ажурираат правните текстови.

• Европската конвенција за националност (1997)
• Европска конвенција за остварување на правата на децата (1996)
• Европска конвенција за препознавање и спроведување на одлуките што се однесуваат на старателството за децата и обновување на старателството за децата (1980)
• Европска конвенција за правниот статус на децата родени вонбрачно (1975)
• Европска конвенција за усвојување на деца (1967)

## *II. Препораки и одлука на Комитетот на министри (1990-2006)*

• Препорака Rec(2006)12 за давање моќ на децата во новото информатичко и комуникациско опкружување
• Препорака Rec(2006)5 за Акциониот план на Советот на Европа за промовирање и целосно учество на луѓето со посебни потреби во општеството: подобрување на квалутетот на животот на луѓето со посебни потреби во Европа 2006-2014
• Препорака Rec(2006)1 за улогата на националните младински совети во развивањето на политика за младите
• Препорака Rec(2005)5 за правата на децата коишто живеат во институции за престој
• Препорака Rec(2004)13 за учеството на младите луѓе во локалниот и регионалниот живот
• Препорака Rec(2003)20 што се однесува на новите начини на справување со малолетната деликвенција и улогата на малолетната правда

• Препорака Rec(2002)8 за грижа за децата во текот на денот
• Препорака Rec(2002)5 за заштита на жените од насилство
• Препорака Rec(2001)16 за заштита на децата од сексуална експлоатација
• Препорака Rec(2001)10 за Европскиот правилник за етика на полицијата
• Препорака Rec(2000)11 за акцијата против трговија со луѓе заради сексуална експлоатација
• Препорака бр. R(98)8 за учество на децата во семејниот и социјалниот живот
• Препорака бр. R(97)19 за опис на насилството во електронските медиуми
• Препорака бр. R(97)13 која се однесува на заплашување на сведоци и правото на одбрана
• Препорака бр. R(94)14 за кохерентни и интегрирани семејни политики
• Препорака бр. R(93)2 за медицинско-социјалните аспекти на злоставувањето на децата
• Препорака бр. R(91)11 за сексуалната експлоатација, порнографија и проституција на и трговија со деца и млади полнолетни лица
• Препорака бр. R(91)9 за итни мерки за прашања поврзани со семејството
• Препорака бр. R(90)2 за социјални мерки што се однесуваат на насилство во семејството

• Резолуција ResAP(2005)1 за заштита на возрасните и децата со посебни потреби од злоставување

## *III. Препораки и одлуки на Парламентарното собрание (1990-2005)*

• Препорака 1703 (2005) за заштита и помош на разделените деца кои бараат азил
• Препорака 1698 (2005) за правата на децата во институции: што следи по Препорака 1601 (2003) на Парламентарното собрание
• Препорака 1666 (2004) за забрана на телесното казнување на децата во цела Европа
• Препорака 1596 (2003) за состојбата со младите мигранти во Европа
• Препорака 1632 (2003) за тинејџери кои имаат проблеми: социјален и здравствен пристап до нелагодноста за младите
• Препорака 1601 (2003) за подобрување на состојбата со напуштени деца во институциите
• Препорака 1561 (2002) за социјалните мерки за децата од војната во југоисточна Европа
• Препорака 1555 (2002) за сликата за жената во медиумите
• Препорака 1551 (2002) за градење на општество на 21-виот век со и за децата: што следи од Европската стратегија за децата (Препорака 1286 (1996) )
• Препорака 1545 (2002) за кампањата против трговијата со жени
• Препорака 1532 (2001) за динамична социјална политика за децата и адолесцентите во помалите места и градовите

• Препорака 1526 (2001) за кампањата против трговијата со малолетници за да се попречи источно-европскиот пат: примерот со Молдавија
• Препорака 1523 (2001) за домашното ропство
• Препорака 1501 (2001) за обврските на родителите и наставниците во образованието на децата
• Препорака 1459 (2000): Акционен план за децата од Косово
• Препорака 1449 (2000) за тајната миграција од југот на Средоземјето во Европа
• Препорака 1443 (2000) за меѓународното усвојување: почитување на правата на децата
• Препорака 1398 (1999) за состојбата со децата во Албанија
• Препорака 1371 (1998) за злоставувањето и запоставувањето на децата
• Препорака 1336 (1997) за борба против експлоатацијата на трудот на децата како приоритетно прашање
• Препорака 1286 (1996) за Европската стратегија за децата
• Препорака 1121 (1990) за правата на децата

• Резолуција 1337 (2003) за миграцијата поврзана со трговијата со жени и проституцијата
Резолуција 1307 (2002) за сексуална експлоатација на децата: нулта толеранција

• Резолуција 1291 (2002) за грабнување на деца со меѓународен елемент од страна на еден од родителите
• Резолуција 1247 (2001) за осакатување на женските генеталии
• Резолуција 1215 (2000) за кампањата против регрутирањето на деца-војници и нивното учество во вооружени конфликти
• Резолуција 1212 (2000) за силувања во вооружени конфликти
• Резолуција 1099 (1996) за сексуална експлоатација на децата

## *IV. Препораки и одлуки на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа*

• Препорака 135 (2003) за локални партнерства за спречување и борба против насилството во училиштето
• Препорака 53 (1999) за политики за сиромашните деца/адолесценти и семејства

• Резолуција 160 (2003) за локални партнерства за спречување и борба против насилството во училиштето
Резолуција 74 (1999) за политики за сиромашните деца/адолесценти и семејства

Градете со нас!

A EUROPE
WITH
CHILDREN

Графиките за програмата „Ја градиме Европа за и со децата“ се инспирирани од танграм. Танграмот претставува кинеска игра за размислување слична на сложувалка. Поентата е да се направи одредена форма со седум стандардни делчиња: пет триаголници – два големи, еден среден и два мали – плус квадрат и паралелограм. На прв поглед правењето форми се чини едноставно но по неколку обиди може да се премислите! Доколку никогаш порано ја немате играно оваа игра обидете се да ги направите сликите дадени во оваа книга користејќи ги сликите што се на другата страна и кои можете да ги исечете. Доколку не успеете замолете некое дете да ви помогне или погледнете ги решенијата дадени на 33 и 34 страница.

# Танграм



## Танграм



## Решенија



# Решенија



## Одделение за координација



“Building a Europe for and with children”

DG III – Social Cohesion
Council of Europe
F-67075 Strasbourg Cedex
Tel.: 33 (0)3 90 21 52 51
Fax: 33 (0)3 90 21 52 85
www.coe.int/children

# ЈА ГРАДИМЕ ЕВРОПА СО И ЗА ДЕЦАТА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE